Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1508/2021
Дата...2 0 -10- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Град Скопје се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Генерален Урбанистички План на Град Скопје 2022-2032.**

Вкупната површината на планскиот опфат изнесува 8790,02 ha.Површината за која што се издаваат овие Услови за планирање на просторот изнесува 504,85 ha. За останатиот дел од планскиот опфат со површина од 8285,17 ha, издадени се Услови за планирање на просторот за изработка на ГУП на Град Скопје 2012-2022год со тех. бр. Y 07712 и Решение бр. 15-2049/4 од 16.05.2012 год.

Планскиот опфат навлегува во заштитна зона на спортскиот аеродром во Стенковец и во I, II и III заштитна зона на Бунари Нерези Лепенец.

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.**

Изработката на ГУП јна Град Скопје 2022-2032 треба да придонесе кон:

- обезбедување услови за позитивни ефекти во процесот на урбанизацијата;


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- воспоставување ефикасна контрола на користењето и уредувањето на градежното мземјиште;
- резервирање простори за изградба и користење на објекти или подрачја од јавен интерес;
- обезбедување и заштита на коридорите за изградба на инфраструктурата;
- реализација на условите за планиран стопански развој и економски развој не само на локално туку и на регионално и национално ниво;
- запирање на тенденција на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели, особено во градските окружувања;
- заштита на зоните на културното и природното наследство, со изградба на времени и трајни градежни објекти.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y09921** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изработка на Генерален Урбанистички План на Град Скопје 2022-2032, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изработка на Генерален Урбанистички План на Град Скопје 2022-2032, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

6. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот предложен за изработка на  Генерален Урбанистички План на Град Скопје 2022-2032, се наоѓа следното заштитено природно наследство: карактеристичен пејзаж Гази Баба, споменик на природата Кале- Скопска тврдина, споменик на природата Острово, споменик на природата Арборетум и предел со посебни природни карактеристики Водно.

При изработката на предметната документација, како и при изработка на документацијата од понизок степен, потребно е да се внимава да не дојде до нарушување на вредностите на заштитеното природно наследство и да се почитуваат одредбите согласно Законот за заштита на природата (“Службен весник на Република Македонија” бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и 151/21), актите за прогласување на заштитените подрачја, како и заштитените категории и режимите за заштита, согласно валоризацијата дадена во Студијата за заштита на природното наследство изработена за потребите на Просторниот план на Република македонија.

7. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација за изработка на Генерален Урбанистички План на Град Скопје 2022-2032**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опф атени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Град Скопје**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20), со постапка бр. 35782 од 21.05.2021 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

планирање на просторот за изработка на Генерален Урбанистички План на Град Скопје 2022-2032. Вкупната површината на планскиот опфат изнесува 8790,02 ha.Површината за која што треба да се изработат Условите за планирање на просторот изнесува 504,85 ha. За останатиот дел од планскиот опфат со површина од 8285,17 ha, се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на ГУП на Град Скопје 2012-2022год со тех. бр. Y 07712 и Решение бр. 15-2049/4 од 16.05.2012 год.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Генерален Урбанистички План на Град Скопје 2022-2032 и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1508/2021 од 12.10.2021 година.

Условите за планирање на просторот за изработка на Генерален Урбанистички План на Град Скопје 2022-2032, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот за изработка на Генерален Урбанистички План на Град Скопје 2022-2032** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска



Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk